# ПРАВИЛА НА КВИЗОТ – КОЈ САКА ДА БИДЕ ПЕНЗИОНЕР?

## Согласност на учесникот за користење лични податоци

Организатор на квизот “Кој сака да биде пензионер?” е Друштво за услуги ИДЕА ПЛУС 360° КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст “Организатор”) и го организира во името на клиентот, (во понатамошниот текст “Клиент”): Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС.
Учеството во квизот подразбира запознавање со правилата и нивно разбирање и согласност на секој од учесниците.
Организаторот го задржува целосното право на изменување и/или дополнување на Правилата, како и правото да суспендира, прекине, скрати или продолжи времетраењето на квизот. Правилата, како и сите измени и дополнувања на овие правила ќе бидат објавени на официјалната страна www.penzija.mk.
Со учество на овој квиз, учесниците потврдуваат дека ги прифаќаат сите наведени услови.
Квизот се одржува на профил на социјалната мрежа Фејсбук, но квизот на никаков начин не е поддржан, инициран, осмислен или организиран од страна на компанијата Фејсбук, а со тоа учесниците немаат и не можат на било кој начин да стекнат било какви права или да посочуваат барања што би де однесувале на оваа компанија или компании кои се поврзани со неа, бидејќи истата не е поврзана со организирање или реализација на квизот.

## Времетрање и начин на учество во квизот

Квизот се организира и спроведува онлајн, на официјалната Фејсбук страна на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - МАПАС. Квизот ќе се одржи во живо со почеток во 18:00 часот, а ќе заврши во 18:15 часот на следните дати: 15.09.2021, 22.09.2021 и 29.09.2021. Квизот е наменет за корисниците на оваа социјална мрежа кои имаат лични активни профили на Фејсбук.
Секое заинтересирано лице, за да учествува во квизот потребно е:

- на дадените дати во наведеното време да ја посети официјалната Фејсбук страна на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - МАПАС.
- во даденото време да одговори на 10 прашања кои ќе бидат дадени на квизот.

Секој квиз ќе има еден добитник на подарок, односно вкупно 3 добитници за трите квизови.

# ПРАВИЛА НА КВИЗОТ – КОЈ САКА ДА БИДЕ ПЕНЗИОНЕР?

Кој сака да биде ПЕНЗИОНЕР? Кој сака да биде

## Право на учество и ограничување

Право на учество во квизот имаат сите полнолетни лица кои имаат лични активни профили на Фејсбук.
Во квизот не можат учествуваат сите вработени лица на Организаторот, Клиентот, пензиските друштва како и членовите на нивните семејства.

## Утврдување на добитник и доделување и реализација на подароците

На оној учесник што најбрзо ќе одговори на најмногу точни одговори, од страна на Организаторот ќе му биде доделен подарок:
**15.09.2021 добитникот ќе добие подарок таблет.**
**22.09.2021 добитникот ќе добие подарок слушалки.**
**29.09.2021 добитникот ќе добие подарок електричен тротинет.**
Еден учесник може да добие само еден подарок. Подарокот не може да се замени за друг или за пари.
Добитниците на горенаведените подароци ќе бидат објавени на официјалната фејсбук страна на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС со цел истите да им бидат доделени од страна на Организаторот.
Рокот за подигнување на добиените подароци е пет (5) дена од денот на објавата на официјалната фејсбук страна на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС.

## Ограничување на одговорност и авторство

Организаторот и Клиентот имаат право да ги преземат сите потребни мерки во случај на било каква измама на системот, злоупотреба или какви било други обиди што можат да влијаат на имиџот на овој квиз, и/или Организаторот или Клиентот.
Организаторот и Клиентот на квизот немаат никаква одговорност и не смеат да бидат вклучени во каква било парница или постапка и потенцијално дополнителни трошоци од страна на учесниците или трети лица, без законска основа.
Организаторот и Клиентот не се одговорни за:
1. Неуспешно одговарање на прашањата;
2. Грешки во податоците, приемот на податоците доставени од учесниците, бидејќи тоа е одговорност на учесниците
3. Неможноста на учесникот да го преземе подарокот;
4. Било какви поплаки поврзани со освоениот подарок по потпишување на документ за примопредавање;
5. Какви било технички пропусти или неправилности предизвикани од Интернет операторот или Фејсбук или мрежата воопшто.

СЕГА Е ВРЕМЕ ДА СЕ ИНФОРМИРАШ ЗА ТВОЈАТА ПЕНЗИЈА.

Ако ти е рано за пензија, не ти е рано за **penzija.mk**

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО ИДНИНАТА, ДЕНЕС! www.kbprvo.com.mk SAVA PENZISKO triglav Триглав пензиско друштво МАПАС

# ПРАВИЛА НА КВИЗОТ – КОЈ САКА ДА БИДЕ ПЕНЗИОНЕР?

## Согласност на учесникот за користење лични податоци

Добитниците на подароците изјавуваат дека се согласуваат со одредбите на овие правила и даваат согласност дека нивните лични податоци (име, презиме, адреса и телефонски број) понатаму без ограничувања или дополнителни одобренија се користат во согласност со законот за заштита на лични податоци, од страна на Организаторот и Клиентот.
Организаторот и Клиентот нема да ги откриваат личните податоци на добитниците на подароците. Сите податоци ќе се користат исклучиво заради успешно реализирање на квизот и нема да се користат за други цели.

## Прекин / застој на квизот. Виша сила

Квизот може да заврши пред пропишаниот рок во случај на виша сила, вонредна состојба, вклучувајќи го и случајот на неможноста на Организаторот да го реализира квизот под квалитетни услови.

## Завршни правила

Одлуките на организаторот во врска со натпреварот се конечни и обврзувачки за сите учесници.
Правилата ќе се применуваат од денот на нивното објавување се до завршување на квизот.

ИДЕА ПЛУС 360° КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Скопје
13.09.2021

СЕГА Е ВРЕМЕ ДА СЕ ИНФОРМИРАШ ЗА ТВОЈАТА ПЕНЗИЈА.

Ако ти е рано за пензија, не ти е рано за **penzija.mk**

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО ИДНИНАТА, ДЕНЕС! www.kbprvo.com.mk
SAVA PENZISKO
triglav Триглав пензиско друштво
МАПАС

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) www.mapas.mk 02 3224 229